Архивски број: 08-280/6
Датум: 11.11.2026

Постапувајќи по претставката бр. 08-280/1 од----------,Комисијата за заштита од дискриминација врз основа на религија или верско уверување во областа на работата и работните односи, поднесена против ----------, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 21 став 1 точка 14 и член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на РСМ“ бр. 258/2020), го донесе следното:

М И С Л Е Њ Е

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на религија или верско уверување во областа на работата и работните односи од страна на ---------- ---------- ---------- кон ----------.

О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата беше доставена претставка и поднесок за дополнување на претставката од ----------, под бр. 08-280, против нејзиниот работодавач ---------- ----------. Подносителката наведува дека во периодот од 1 до 28 февруари 2026 година била ангажирана како социјална работничка на проектот „Советувалиште за повратници“ при ---------- ----------, врз основа на договор на дело. Подносителката појаснува дека во текот на ангажманот била изложена на постапки од страна на директорот на фондацијата, ----------, кои ги смета за вознемирување и наметнување на верски обреди, поради нејзиното одбивање да учествува во секојдневните попладневни молитви што се практикувале во фондацијата.

Имено, подносителката наведува дека на 03.02.2026 година, за време на паузата за ручек, од страна на колега била физички повлечена за рака и внесена во просторија во која веќе се одржувала групна молитва, водена од директорот на фондацијата во својство на свештеник. Притоа, ѝ бил даден лист со текстот на молитвата, но таа одбила да учествува во верскиот обред. Истиот е доставен во прилог на претставката. Понатаму, наведува дека по овој настан директорот, преку координаторот на проектот, индиректно се интересирал зошто не присуствува на попладневните молитви, кои се одржувале секој работен ден и траеле околу една до две минути. Подносителката тврди дека на координаторот му укажала дека не дозволува на работното место да ѝ се наметнуваат верски обреди, како и дека фондацијата при интервјуто за ангажманот била претставена како работна средина во која не се наметнуваат верски убедувања. Според неа, настанот ескалирал на 25.02.2026 година, кога директорот ја повикал во својата канцеларија и инсистирал дека попладневната молитва претставува дел од нејзините работни обврски, при што ѝ посочил дека доколку не присуствува, може да

си даде отказ. Дополнително, подносителката наведува дека на 27.02.2026 година одржала средба со координаторот и финансискиот директор, на која го изразила своето незадоволство од ваквото постапување и се интересирала за можноста за продолжување на нејзиниот ангажман. Иако, според нејзините наводи, немало забелешки во однос на извршувањето на професионалните задачи, договорот не бил продолжен. Во дополнувањето на претставката подносителката посочува и дека на 03.03.2026 година, во телефонски разговор со координаторот на проектот, ѝ било соопштено дека може да продолжи со ангажманот како социјална работничка, но под услов да присуствува на попладневната молитва. Во прилог на своите наводи доставила изјави од две лица за околностите поврзани со телефонскиот разговор, како и други материјални докази, меѓу кои фотографии, објави и комуникација преку електронски апликации.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, испрати барање за произнесување до Хуманитарно добротворната фондација ----------. Имајќи предвид дека по испратеното Барање за произнесување, фондацијата не се произнесе, Комисијата испрати Ургенција. Сепак, до Комисијата не беше доставен поднесок за произнесување, по што изврши електронска достава на Барањето за произнесување.

Во поднесокот за произнесување ---------- ----------, ги оспорува наводите за дискриминација и вознемирување. Наведува дека подносителката била ангажирана врз основа на договор на дело за периодот од 01.02.2026 до 28.02.2026 година, со однапред определено времетраење на ангажманот. Посочува дека по однос на наводите за работниот ангажман и вознемирувањето на работното место бил спроведен вонреден инспекциски надзор од страна на Државниот инспекторат за труд на 20.05.2026 година, при што, според произнесувањето, не биле утврдени неправилности. Во однос на непродолжувањето на договорот, директорот наведува дека ангажманот на подносителката завршил на 28.02.2026 година, со истекот на договорениот рок, а не поради нејзиното одбивање да присуствува на молитвите. Притоа, истакнува дека договорот бил склучен за времетраење од еден месец, со согласност на подносителката, и дека неговото непродолжување претставувало одлука на нарачателот во однос на конкретниот ангажман. Во однос на верските обреди, директорот наведува дека ---------- ---------- на ----------, во чии рамки верските активности претставуваат дел од нејзините вредности, но дека присуството на молитвите е доброволно и не претставува услов за извршување на работните задачи или продолжување на работниот ангажман. Ги оспорува и изјавите доставени од подносителката, оценувајќи ги како субјективни и пристрасни, бидејќи биле дадени од потесни членови на семејството на подносителката.

По разгледување на наводите од претставката, поднесокот за дополнување, доставените докази и поднесокот за произнесување, Комисијата го утврди следното:

Во конкретниот случај, како основа на дискриминација е наведена религијата или верското уверување, а спорното постапување се однесува на наводно наметнување верски обреди во работната средина и непродолжување на договорот за дело поради одбивањето на подносителката да учествува во нив.

Комисијата најнапред укажува дека **слободата на мислата, совеста и религијата подразбира и право на секое лице да не припаѓа на одредена религија, да не исповеда верско уверување и да не учествува во верски обреди.** Оттука, ниту верскиот карактер на организацијата, ниту фактот дека во неа се организираат молитви, сами по себе **не можат да бидат основа за наметнување обврска** на сите ангажирани или вработени лица да учествуваат во верски активности. Особено, **учеството во верски обреди не може автоматски да се смета за работна обврска** на лице ангажирано за извршување професионални задачи кои не се од верска природа.

Меѓутоа, во конкретниот случај, за да се утврди дискриминација, не е доволно само постоењето на верски активности во организацијата и фактот дека подносителката не учествувала во нив, туку **потребно е да се утврди дека таа била изложена на неповолно постапување или несакано однесување поврзано со нејзиното верско уверување, односно со нејзиното одбивање да учествува во верските обреди.**

Во однос на настанот од 03.02.2026 година, подносителката наведува дека била физички внесена во просторијата во која се одржувала молитва и дека ѝ бил даден текстот на молитвата. Сепак, од доказите доставени во постапката **не произлегуваат доволно потврдени околности** врз основа на кои би можело со сигурност да се утврди дека ваквото постапување било преземено по налог или со знаење на директорот, дека подносителката **била принудена да учествува во обредот или дека поради нејзиното одбивање да учествува била изложена на конкретна неповолна последица.** Самото присуство на директорот на молитвата, како и неговата улога во нејзиното водење, не се доволни сами по себе за да се утврди дека тој ја организирал или одобрил постапката на нејзино внесување во просторијата.

Во однос на наводите дека директорот преку координаторот на проектот вршел притисок врз подносителката да присуствува на попладневните молитви, Комисијата ги имаше предвид наводите на двете страни, при што утврди дека тие се спротивставени. Подносителката тврди дека од неа било барано да присуствува на молитвите, додека директорот изречно негира дека присуството било задолжително или дека претставувало услов за извршување на работните задачи. Иако подносителката доставила изјави од две лица во врска со телефонскиот разговор од 03.03.2026 година, од нивната содржина произлегува дека тие се однесуваат на разговорот меѓу подносителката и координаторот, во кој, според изјавите, била спомената **можноста за продолжување на ангажманот под услов да присуствува на попладневната молитва.** Сепак, овие изјави не содржат непосредни сознанија за одлуката за непродолжување на првичниот договор, **ниту самостојно ја потврдуваат**

причината поради која таквата одлука била донесена. Дополнително, содржината на изјавите треба да се цени заедно со останатите докази, а не изолирано од нив.

Комисијата посебно го ценеше и наводот на подносителката дека на 25.02.2026 година директорот ѝ соопштил дека молитвата е дел од нејзините работни обврски и дека доколку не присуствува може да си даде отказ. Овој навод претставува сериозно тврдење кое, доколку биде потврдено, би можело да укажува на условување поврзано со верско уверување. Меѓутоа, во конкретната постапка не беа обезбедени дополнителни непосредни докази со кои би се потврдиле содржината и околностите на разговорот, а директорот ги оспорува наводите за задолжително присуство на молитвите. Оттука, само врз основа на спротивставените изјави на странките, без дополнителна потврда, Комисијата не може да го прифати овој навод како утврдена фактичка околност.

Во однос на непродолжувањето на договорот за дело, Комисијата утврди дека од документацијата произлегува дека подносителката била ангажирана за однапред определен период, од 01.02.2026 до 28.02.2026 година. Следствено, нејзиниот ангажман завршил со истекот на договорениот рок. **Фактот дека договорот не бил продолжен, сам по себе, не докажува дека причината за таквата одлука била нејзиното верско уверување или одбивањето да учествува во молитвите.**

Комисијата го имаше предвид и доказот доставен од подносителката – објавата за ангажирање социјален работник во рамките на истиот проект, со наведено времетраење на ангажманот од јануари до јуни 2026 година. Сепак, од самиот факт дека била објавена можност за ангажирање социјален работник во подолг временски период **не може да се заклучи дека постоела обврска договорот на подносителката да биде продолжен, ниту дека непродолжувањето било последица на нејзиното одбивање да присуствува на молитвите**. Во постапката не беа доставени докази од кои би можело да се утврди дека подносителката имала договорено или загарантирано ангажирање за целиот период од шест месеци, дека ги исполнувала условите за евентуалниот подолгорочен ангажман и дека одлуката за нејзиното непродолжување била донесена токму поради нејзиното верско уверување.

Исто така, околноста дека на подносителката, според нејзините наводи, не ѝ биле упатени забелешки во однос на квалитетот на извршените професионални задачи не е доволна за да се утврди дека единствената причина за непродолжувањето на договорот била нејзиното одбивање да учествува во верските обреди. Отсуството на забелешки за работата не создава само по себе право на продолжување на договорот, ниту ја докажува причината за одлуката на нарачателот.

При оценувањето на сите околности, Комисијата го имаше предвид и произнесувањето на директорот дека присуството на молитвите било доброволно и дека не претставувало услов за извршување на работните задачи. Иако фактот дека станува збор за хуманитарна организација со верски карактер не ја ослободува организацијата

од обврската да обезбеди работна средина во која се почитува слободата на верското уверување и правото на лицата да не учествуваат во верски обреди, во конкретниот случај не беа обезбедени доволно докази дека подносителката била ставена во понеповолна положба поради нејзиното верско уверување.

Комисијата го ценеше и фактот дека подносителката се обратила до координаторот и раководството на организацијата со изразено незадоволство од наводното наметнување на верските обреди. Сепак, од доказите во постапката не произлегува дека поради ваквото изразување на несогласување ѝ била изречена конкретна санкција или дека било преземено друго утврдено неповолно постапување, освен **непродолжувањето на договорот, чија причинска поврзаност со верското уверување не беше потврдена.**

Во оваа смисла, Комисијата нагласува дека товарот на докажување во постапките за заштита од дискриминација се распределува согласно законските правила, при што подносителот треба да изнесе факти и докази врз основа на кои може да се претпостави дека постои дискриминација, по што товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката. Меѓутоа, во конкретниот случај, и покрај наводите и доставените докази, не се воспостави доволно потврдена фактичка основа за причинско - последична поврзаност меѓу верското уверување на подносителката, односно нејзиното одбивање да учествува во молитвите, и наводното неповолно постапување – непродолжување на договорот. Оттука, Комисијата цени дека фактот што подносителката била ангажирана во организација во која се практикуваат групни молитви, како и фактот дека нејзиниот договор на дело не бил продолжен по истекот на договорениот период, не се доволни сами по себе за да се утврди дискриминација. Иако подносителката изразила несогласување со практикувањето на молитвите во работната средина, во конкретната постапка **не се потврди дека нејзиното одбивање да учествува во нив било причина за непродолжувањето на договорот, ниту дека била изложена на докажано неповолно постапување поради своето верско уверување.**

Имајќи го предвид сето наведено, Комисијата утврди дека во конкретниот случај не се исполнети условите за утврдување дискриминација врз основа на религија или верско уверување во областа на работата и работните односи, поради што одлучи како во диспозитивот на ова Мислење.

Комисија за спречување и заштита
од дискриминација
Претседателка на Комисијата
Флора Кадриу